Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22), **Министерството за транспорт,** на ден __.__.2024 **година**, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За стратешкиот плански документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** кој го донесува Министерство за транспорт и врски потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** се определуваат: Министерство за транспорт, Министерство за финансии, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа Секретаријат за европски прашања, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, Јавно препријатие за државни патишта ЗЕЛС, АДКОМ, МАСВА, Центар за развој на Полошки плански регион, 9 општини (Боговиње, Брвеница, Гостивар, Јегуновце, Теарце, Тетово, Врапчиште, Маврово и Ростуше и Желино), јавни комунални претпријатија во сите 9 општини, неформален сектор на собирачи на отпад, земјоделци/фармери. Дополнително засегнати страни ќе бидат професионалните асоцијации, стопанските заедници, граѓанските здруженија и невладиниот сектор.
3. За стратешкиот плански документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** за чија изработка е одговорна "**Агенција за планирање на просторот"**, а го донесува **Министерството за транспорт и врски,** донесувањето на стратешкиот плански документ **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за регионална депонија „Русино", КО Сушица 1, општина Гостивар,** ќе има влијание врз животната средина.
4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **сегашниот начин на управување со комуналниот отпад, проблемите со кои се соочуваат општините и комуналните претпријатија во управувањето со комуналниот отпад, влијанието врз животната средина (квалитет на воздух, нарушување на квалитет на почва, површински и подземни води, биодиверзитет), здравјето на луѓето, како и позитивните придобивки од реализацијата на урбанистичкиот план изразени преку унапредување на управувањето со отпадот, подобрен квалитет на животна средина, намалување на влијанието врз климатските промени, одржлив развој на локалните самоуправи и подобрување на социо – економската состојба на населението и неговата здравствена состојба.**
5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Министерството за транспорт** на следната адреса: **www.mtc.gov.mk**.
6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

**Бр.**67-712/3 **од** 12.11.2024 **година**
**Скопје**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ**
**Министер,**
**Александар Николоски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ СКОПЈЕ - SHKUP